




# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ОДБОЈКАРСКИ КУПСКИ ПЕХАР ЗА ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

**Во спортска и навивачка атмосфера, одбојкарките на ООУ „Лазо Трповски“ заслужено го освоија пехарот за овогодинашниот одбојарски куп.**

**Во спортската сала на ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“, се водеше вистинска спортска битка меѓу ООУ „Петар Поп Арсов“ и ООУ „Лазо Трповски“, но последните минути од натпреварот го одлучија победникот. На победничките, Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски свечено им го додели пехарот и им посака уште многу успешни натпревари оваа сезона.**

**-Ова е одлична организација на годинешниот куп во одбојка. Денеска завршивме со одбојката, но следните денови ќе имаме вистинска борба за првото место во кошарка и фудбал. Општина Карпош е лидер во организирање и реализирање спортски училишни игри кои се играат помеѓу сите основни училишта на територија на Општина Карпош. Ова го правиме со една цел, младите да се вклучат во спортскиот живот и тоа да им стане начин на живеење. Им порачувам на оние кои се најдобри во своите спортови да не запрат и да продолжат да се занимаваат со овие дисциплини – рече Ла заревски.**



# СОВРЕМЕН ЛИК ЗА СКАЛИТЕ ВО ЖДАНЕЦ




**„Станува збор за еден дел во населбата Жданец кој со децении е запуштен, а со тоа и деградиран во неговата основна функција.**

**-По извршениот увид и анализи констатирано е дека е неопходна суштинска реконструкција но и збогатување и разубавување на содржините во овој дел од Жданец. Заради тоа во проектот се проектирани комплетно нови скалила изведени од антиклизен и пескарен гранит, комплетно нова заштитна ограда, ново електрично осветлување изведено со штедливи ЛЕД светилки, како и 18 нови жардиниери поставени во седум различни вертикални позиции со 4000 цветни садници. Тука, секако, треба да наброиме и поставување на комплетно нова урбана опрема изведена од модерни материјали и современ изглед како и поставување на нова инфо - табла.**

**Реконструкцијата ќе се однесува на површина од 2000м2 , односно целата скалишна површина дополнета со жардиниерите како нов хортикултурен и естетски елемент во аранжманот на овој дел од Жданец.“ Основниот проект за реконструкција на скалите во Жданец е авторско дело на архитектот Игор Василевски и претставува естетски и архитектонски одговор на потребите и барањата на жителите на Општина Карпош.**

# КАКО ДА ИМ ПРИСТАПИМЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРОБЛЕМИ ВО ОДНЕСУВАЊЕТО

**Секторот за дејности од јавен интерес при Општина Карпош и оваа година ја продолжи соработката со Центарот за развој на образованието – КОРЕНИ (Education Development Center, Inc. USA). Во таа насока, на 21.10.2015г. во просториите на ООУ„Јан Амос Коменски“, се одржа работилница на тема: „Како да ги разбереме и на кој начин да им пристапиме на учениците со проблеми во однесувањето“. Организатори на работилницата беа Rachelle Neal -Директор на Центарот за развој на образованието „Корени“ и Одделението за образование при Општина Карпош, а беше водена од Sharlene Joachim од САД, м-р по Специјално образование за училишна возраст.**

**На работилницата присуствуваа околу дваесеттина наставници од 10-те основни училишта и претставници од Општината, кои се збогатија со нови сознанија од оваа област. Интересот за една ваква работилница беше евидентен, бидејќи настанот беше проследен со големо внимание и огромна дискусија, како и прашања од тематската област. На крајот на присутните им беа доделени сертификати за посета на семинарот, а на организаторите од Општината и на директорката од училиштето, благодарници за успешната организација и соработка.**



# РОДЕНДЕНСКА КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА НА КАРПОШ



По повод „роденденот" на Општината -3-ти Ноември, денес, од 9 до 17 часот се одржа големата крводарителска акција на територијата на Општина Карпош. Традиционално, Општината, во соработка со Црвениот крст на Општина Карпош и Републичкиот завод за трансфузиологија организираше масовна крводарителска акција и тоа на три локации: просториите на училиштето „Лазо Трповски" (позади Лептокарија), надвозникот „Влајко" и во Сити Мол на третиот кат, во холот кај киното Синеплекс.

Во таа пригода, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски за присутните медиуми изјави:-По повод 39 годишнината од постоењето на Општината, по 14 пат ја организираме оваа крводарителска акција. Карпош е општина на солидарноста и таа е изградена од фондовите на меѓународната заедница и од бившата југословенска заедница. Мислиме дека овие денови, кога го славиме постоењето на нашата општина, треба да ја нагласиме хуманост со дарување на најскапоцената течност. Секој граѓанин кој што може, кој е здрав треба да дарува крв со што може да спаси нечиј живот или ќе помогне некој да оздрави. Јас досега имам дарувано најмналку 15 пати крв и ги повикувам сите граѓани кои се здрави да не се штедат себе си и да спасат нечиј живот. Инаку Карпош е рекордер во Република Македонија во крводарителство, при што во еден ден имаме дарувано 656 крвни единици. Одзивот на граѓаните е одличен и очекувам денес да имаме над 300 крвни единици, но во исклучителни случаеви како локална самоуправа подготвени сме да собереме и 1.000 крвни единици, рече Јакимовски.

Инаку до 15.00 часот од жителите на Карпош и други доброволци беа собрани 205 единици крв.

# УЧИЛИШНА ИЗЛОЖБА ПО ПОВОД ДЕНОВИ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во ООУ „Владо Тасевски“ се одржа ликовна изложба на учениците од сите десет училишта на територија на Општината. Темата беше слободна, и притоа секое училиште доби диплома за учество, а учениците беа наградени со прва и втора награда од страна на Одделението за култура и спорт при општина Карпош.**




# ПРОМОЦИЈА НА ПОЕТСКАТА РЕЧ НА ЛИДИЈА ЛУЧКО ЈЕРЕМИЌ



Во Кинотекатата на Македонија се одржа промоција на две книги на поетесата Лидија Лучко Јеремиќ. Промоцијата на книжевните дела на Јеремиќ беше културен настан во рамки на Деновите на Општина Карпош, а локалната власт беше и спонзор на издавањето на книгите. Станува збор за две книги поезија: „Лулка на срцето“ и „Чудотворен колаж“ како дел од опусот „Моето име е љубов“.

На промоцијата имаше хорски изведби од хорот „Серенада“, а Катерина Јанковска го отвори настанот читајќи ја песната „Девушка“ од „Лулка на срцето“ а патем ја прочита и рецензијата од Тамара Арсовска. Поетесата Лидија Лучко Јеремиќ својата благодарност до Општината и сите кои придонесоа во афирмацијата на нејзиниот креативен труд се заблагодари со пораката: „Убавино, преточи се низ пишаниот збор. Со љубов“. Промоцијата беше проследена со модна ревија насловена „Слободна птица“ инспирирана од 50-те, 60-те и 70-те. Автори на колекцијата се Александар Рашковиќ и Филип Митовски.

## ХУМАНИ ЗА СОСЕДИТЕ



(сабота и недела 31 октомври-1 ноември) во Општина Карпош се одржа уште една хуманитарна акција насловена „Да бидеме хумани кон нашите соседи“. Акцијата која се организираше по повод Деновите на Општина Карпош има за цел да им овозможи на граѓаните од Општината да донираат прехранбени производи и средства за хигиена, кои потоа ќе се врачат на семејства кои се во потешка материјална состојба. Традиционално, меѓу донаторите беше и првиот човек на локалната самоуправа, градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода изјави:

-Во нашата општина има околу 130-140 социјално загрзозени семејства кои локалната власт ги поддржува во текот на целата година, и покрај финансиски средства и преку вакви акции кои се одржуваат три пати годишно: за време на Денот на Општината -3 ти Ноември, за време на Божиќните празници и за Велигден. Се надевам дека ваквата нивна состојба е од времен карактер и ги повикувам сите граѓани коишто сакаат да помогнат со барем еден продукт од храна и хигиенски средства кој ќе го купат да го одвојат за загрозените сограѓани. Потоа ние ќе направиме пакети кои ќе им ги дадеме на оние кои им е најнеопходно, барем десеттина дена да минат побезгрижно. Карпош е општина на солидарноста и токму затоа ние сме водечка општина во делот на премостување на сиромаштијата. Оттаму уште еднаш ги повикуваме граѓаните кои имаат малку повеќе да ни се придружат во акцијата и заеднички да помогнеме во овој домен, рече Јакимовски.

Инаку ова е 16 по ред хуманитарна акција што ја организира Одделението за социјална заштита при Општина Карпош.

